# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

**2656.**

Врз основа на член 18 став (5) од Законот за консолидација на земјоделско земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр.187/13 и 61/16), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

## МЕТОДОЛОГИЈА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА ПРОЦЕНА НА ВРЕДНОСТА НА ЗЕМЈИШНИТЕ ПАРЦЕЛИ ОД КОНСОЛИДАЦИОНАТА МАСА

Член 1

Во Методологијата за процена на вредноста на земјишните парцели од консолидационата маса („Службен весник на Република Македонија" бр.55/14) во членот 3 став 1 табелата се заменува со нова табела која гласи:

| | критериуми | карактеристики на земјишните парцели | вредносни единици |
|---|---|---|---|
| 1. | катастарска класа | 5, 6, 7 и 8 класа | 43 |
| | | 3 и 4 класа | 44 |
| | | 1 и 2 класа | 45 |
| 2. | почвен педолошки тип | низок | 23 |
| | | просечен | 26 |
| | | добар | 28 |
| 3. | големина и форма на парцела | неправилна и < 2000 м$^2$ | 1 |
| | | правилни агли и 2000 м$^2$ | 1 |
| | | неправилна и 2000 <x< 5000 м$^2$ | 1 |
| | | правилни агли и 2000 <x< 5000 м$^2$ | 2 |
| | | неправилна и > 5000 м$^2$ | 1 |
| | | правилни агли и > 5000 м$^2$ | 2 |
| 4. | пристапност до патна инфраструктура | директен пристап | 2 |
| | | нема пристап | 1 |
| 5. | расположливост на вода за наводнување | недоволна | 5 |
| | | доволна | 6 |
| 6. | нагиб на земјиштето | рамно | 2 |
| | | стрмно | 1 |
| 7. | додадена вредност на земјиштето добиена со мерки за заштита, зголемување на плодноста, подобрување на квалитетот на земјоделското земјиште, уредување на земјоделското земјиште или инвестиции во основни средства, во повеќегодишни насади или друг тип инвестиции | мала | 11 |
| | | средна | 12 |
| | | голема | 13 |
| 8. | степен/состојба на обработеност | лошо | 0 |
| | | средно | 1 |
| | | добро | 2 |

Член 2

Оваа методологија влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 18-1770/4
3 јуни 2016 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
м-р **Михаил Цветков**, с.р